**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**СОЖ бр.1/25**
**07.02.2025 година**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 6 и член 52 став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и член 81 став 5 од Законот за јавното обвинителство, одлучувајќи по жалбата на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски изјавена против одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, А.бр.03-111/1 од 30.01.2025 година, на одржаната седница на ден 07.02.2025 година донесе:

# РЕШЕНИЕ

Жалбата на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

Одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, А.бр.03-111/1 од 30.01.2025 година **СЕ ПОТВРДУВА.**

## Образложение

Со одлука А.бр.03-111/1 од 30.01.2025 година на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски се оддалечува од вршењето на функцијата јавен обвинител сметано од 30.01.2025 година од 14:00 часот за време додека трае дисциплинската постапка која е поведена против него со решение на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-834/7 од 28.01.2025 година за сторена тешка дисциплинска повреда согласно член 91 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство и се задолжува јавниот обвинител Јован Цветановски по приемот на одлуката да ги предаде сите предмети и ствари со кои е задолжен и кои се во сопственост на јавното обвинителство, на Комисијата за преземање на службени предмети и списи од јавен обвинител кој е оддалечен од вршење на функцијата.

Против одлуката жалба изјавил јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски со која истата ја побива поради суштествени повреди на материјалниот закон.

Во жалбата се наведува дека обжалената одлука е незаконита и донесена спротивно на член 81 став 2 и став 3 од Законот за јавното обвинителство, бидејќи во истиот е регулирано дека јавниот обвинител може да биде оддалечен од вршењето на јавнообвинителската функција додека трае дисциплинската постапка, но одлуката мора да содржи образложение на причините за оддалечувањето од вршењето на јавнообвинителската функција.

Имено се наведува дека како основа за оддалечувањето е наводното егзистирање на штетна последица во постапувањето на предметите, но ваквото образложение е контрадикторно само по себе, бидејќи во обжалената одлука се потврдува дека предметите кои се предмет на дисциплинската постапка се правосилно завршени, па се постапувало прашање како може да има негово идно постапување на предмети кои веќе биле правосилно завршени. Исто така се наведува дека дисциплинската постапка се води врз база на извршен надзор кој не е спроведен согласно Законот за јавното обвинителство и Правилникот за вршење на надзор, како и без дисциплинската комисија да има увид во сите списи, бидејќи надзорот е извршен само врз списите кои ги има во предметите на ВЈО, но не и во судските списи кои се наоѓаат во судските предмети.

Од тие причини, јавниот обвинител смета дека основот за неговото оддалечување е незаконит, неоснован и базиран само на желбата на Јавниот обвинител на РСМ, кој го злоупотребува овластувањето како Републички јавен обвинител, па доколку Советот на јавните обвинители не ја укине и стави вон сила обжалената одлука, ваквата постапка може во иднина да стане редовна пракса, бидејќи основата за оддалечување е само формално спроведена.

Понатаму се наведува дека на овој начин со донесувањето на оваа одлука од страна на Јавниот обвинител на РСМ, истиот само ја остварил и конкретизирал својата закана и го отворил патот за продолжување на незаконитото постапување на ОЈО ГОКК во однос на спроведената постапка по решавање по кривичната пријава за Бонусите на СЈО, во насока да се донесе иста одлука без спроведување ефикасна истрага и да се постапи по напатствијата на ВЈО Скопје.

Во однос на решавањето по оваа жалба, а за да се отстранат евентуалните сомневања за пристрасност на Советот, предложи да се изземат членовите кои директно или индиректно се поврзани со предметот Поштенска банка и Бонусите на СЈО.

Во дополнување на жалба, јавниот обвинител предложи пред да се пристапи кон донесување на одлука, Советот да ги прибави решенијата од Дисциплинската комисија кои се однесуваат на постапките против ЈО Фатиме Фетаи и ЈО Сашо Рајчев, за кои комисијата ги запрела постапките за основи и правно прашање за кои во неговата дисциплинска постапка различно се толкува, да се овозможи негово присуство на седницата со цел доколку е потребно да одговори на дополнителни прашања и да се овозможи седницата да биде јавна.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија го прибави предметот на Јавното обвинителство на РСМ, А.бр.03-111 и изврши увид во решенијата на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-385/10, А.бр.03-322, А.бр.03-386/10 и А.бр.03-320, па врз основа на извршениот увид и проучување на списите, изјавената жалба и нејзиното дополнување најде дека жалбата е неоснована и ја одби од следните причини:

Видно од обжалената одлука се утврдува дека Јавниот обвинител на РСМ ја донел одлуката согласно овластувањата што се дадени во член 81 став 2 и став 3 од Законот за јавното обвинителство. Оддалечувањето од вршењето на функцијата јавен обвинител е за време додека трае дисциплинската постапка која е поведена против

јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски со решение на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-834/7 од 28.01.2025 година за сторена тешка дисциплинска повреда согласно член 91 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство.

Во изреката и во образложението на одлуката јасно се наведени причините за оддалечувањето и истите се однесуваат на член 81 став 2 од Законот за јавното обвинителство, а тоа е дека оддалечувањето од вршењето на јавнообвинителска функција се врши додека трае дисциплинската постапка. Ставот 3 од овој член само ја регулира надлежноста за донесување на ваквата одлука, а тоа е дека истата ја донесува Јавниот обвинител на РСМ и дека истата мора да содржи образложение на причините за оддалечување на вршењето на јавнообвинителската функција, што во конкретниот случај е направено.

Советот смета дека се неосновани жалбените наводи во делот дека одлуката не содржи образложение на причините за оддалечување од вршење на јавнообвинителска функција и дека образложението било контрадикторно само по себе, бидејќи во самата одлука се потврдува дека предметите кои се предмет на дисциплинската постапка се правосилно завршени, па оттука не може да има идно постапување по нив. Имено, во одлуката за оддалечување од вршењето на функцијата јавен обвинител во ВЈО Скопје образложени се причините за оддалечувањето, а тоа е дека доколку јавниот обвинител во ВЈО Скопје продолжи со извршување на функцијата до завршување на дисциплинската постапка тоа штетно ќе се одрази на постапувањето по предметите. Од одлуката произлегува дека тоа се однесува на предметите во Вишото јавно обвинителство Скопје, а не на предметите кои се предмет на дисциплинската постапка, со оглед на тоа што е наведено дека истите се правосилно завршени.

Не може да се смета дека со одлуката за оддалечување на јавниот обвинител во ВЈО Скопје, Јавниот обвинител на РСМ го злоупотребил овластувањето, одлуката е донесена откако Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителска функција донела решение со кое се поведува дисциплинска постапка против Јован Цветановски, јавен обвинител во ВЈО Скопје за сторена тешка дисциплинска повреда согласно член 91 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство.

Советот ги разгледа жалбените наводи во однос на предметите на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителска функција, наведени во дополнување на жалбата, но не се впушти во оцена на ваквите жалбени наводи со оглед на тоа што истото не е предмет на оцена на Советот.

Во однос на истакнатиот предлог во жалбата да бидат изземени од одлучување членови на Советот на јавните обвинителите кои директно или индиректно се поврзани со предметот "Бонусите на СЈО", Советот смета дека предлогот е неоснован, ова од причина што наведениот предмет никогаш не бил предмет на разгледување во Советот, ниту бил предмет на извршениот надзор во Вишото јавно обвинителство Скопје, па Советот нема сознанија за постоење на пречки за постапување на некои членови на Советот при одлучувањето.

Одлучувајќи по предлогот на јавниот обвинител, подносител на жалбата да присуствува на седницата кога ќе се одлучува по жалбата и седницата да биде јавна, Советот најде дека во списите постојат доволно податоци за донесување на одлука и дека неговото присуство не е нужно, ниту пак Советот има обврска да го повика согласно Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, Деловникот за работа на Советот на

јавните обвинители на РСМ, како и Законот за јавното обвинителство. Во однос на барањето за присуство на јавност на седницата, Советот донесе одлука јавноста да биде исклучена заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител.

Од тие причини се одлучи како во изреката.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Душица Димитриеска**

Д.Н.: - Јован Цветановски од Скопје
- ВЈО Скопје
- Јавно обвинителство на РСМ
- Архива